# Индивидуално Осигурување на Живот

Програмот на Животно осигурување го обединува штедењето со цел реализација на планираната иднина и ублажувањето на финансиските последици при настанување на незгода, тешко болна состојба и случај на смрт на осигуреникот.

Животното осигурување има штедна компонента бидејќи **сите вложени средства се повратни.**

Осигурувањето на живот е дел од понудата на Македонскиот финансиски пазар на производи со штедна компонента.

**<u>Уникатноста на овој производ</u>** се содржи во **интегрираноста на штедната и осигурителната компонента**. Осигуреникот преку вложување/штедење на средства истовремено ги ужива бенефитите од осигурување на живот и обезбедува финансиска сигурност на децата, сопругот/та, повозрасните родители или сите други кои сака да ги заштити од ризикот кој го носи динамичниот современ живот.

## *ОСИГУРЕНИ СУМИ*

Со Осигурувањето на живот се опфатени следните осигурени суми:

- **Осигурена сума за доживување** (по истек на договорот за осигурување се исплаќа договорената осигурена сума)
- **Осигурена сума во случај на смрт од болест**(се исплаќа договорената осигурена сума независно кога настанал осигурениот случај)
- **Осигурена сума во случај на смрт поради незгода** (се исплаќа договорената осигурена сума независно кога настанал осигурениот случај)

Дополнително со Осигурувањето на Живот може да се додаде **Осигурување од Незгода** при што се опфатени следните осигурени суми:

- Осигурена сума во случај на траен инвалидитет поради несреќен случај
- Осигурена сума во случај на 100% траен инвалидитет
- Дневен надомест за лекување во болница поради несреќен случај

Дополнително со Осигурувањето на Живот може да се додаде **Осигурување во случај на тешко болни состојби** при што се опфатени следните заболувања:

- Исхемична болест на срце;
- Срцев удар;
- Мозочен удар;
- Мултиплекс склероза;
- Паркинсова болест;
- Алцхајмеровата болест
- СИДА;
- Хронично затајување на функцијата на бубрезите;
- Затајување на црниот дроб;
- Анкилозантен спонделит;
- Ревматоиден артритис;
- малигни болести (канцер).

## *КАРАКТЕРИСТИКИ*

Со полисата за осигурување на живот сте **осигурани**, а воедно и **штедите**.

Сите средства кои ги вложувате се **повратни**, дополнително зголемени за добивката која ја припишува **Кроациа Осигурување – Живот АД.**

Можност за избор на динамика на плаќање

- **месечно,**
- **квартално**,
- **полугодишно,**
- **годишно**
- **еднократно**.

Начин на уплата

- **уплатница,**
- **траен налог,**
- **задршка од плата или**
- **на благајната на осигурувачот.**

Минималната годишна премија изнесува **180 Евра**

Се опфаќаат условно здрави лица од навршени **14 до 65 години**,
**со напомена дека осигурувањето на живот треба да заврши на 75 годишна возраст.*

Траењето на осигурувањето од **10 до 25** години.

Во полисата постојат 2 корисника:

- **корисник за доживување** (што вообичаено е осигуреникот) и
- **корисник во случај на смрт** (што вообичаено е потесното семејство).

## *ПОВОЛНОСТИ*

- **Припишана добивка** – во просек секоја година се припишува **3%** добивка
- Можност да се добие **заем**
- Можност да се **винкулира** во корист на банка или осигурувачот
- Полисата за осигурување на живот може да се даде како залог на доверител

## *ИНФОРМАТИВНИ ПРЕСМЕТКИ:*

1. Машко лице со пристапна старост од 30 години,траење на осигурувањето 10 години, со годишна премија 180 Евра:

| Осигурување на Живот | Евра |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за доживување | 1.853,28 |
| Осигурена сума за смрт од болест | 1.853,28 |
| Осигурена сума за смрт од незгода | 3.706,56 |
| *Годишна премија* | ***180,00*** |

| Дополнително осигурување од последици од Несреќен случај | |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за смрт од несреќен случај | 3.600,00 |
| Осигурена сума за траен инвалидитет | 5.400,00 |
| Дневен надомест за лечење во болница | 2,16 |
| *Годишна премија* | ***9,00*** |

| Дополнително осигурување од Тешко болни состојби | |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за тешко болна состојба | 1.853,28 |
| *Годишна премија* | ***6,02*** |

2. Женско лице со пристапна старост од 30 години, траење на осигурувањето 10 години, со годишна премија 500 Евра:

| Осигурување на Живот | Евра |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за доживување | 5.183,50 |
| Осигурена сума за смрт од болест | 5.183,50 |
| Осигурена сума за смрт од незгода | 10.367,00 |
| *Годишна премија* | ***500,00*** |

| Дополнително осигурување од последици од Несреќен случај | |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за смрт од несреќен случај | 10.000,00 |
| Осигурена сума за траен инвалидитет | 15.000,00 |
| Дневен надомест за лечење во болница | 6,00 |
| *Годишна премија* | ***25,00*** |

| Дополнително осигурување од Тешко болни состојби | |
|---|---|
| Осигурени суми и премија по лице | |
| Осигурена сума за тешко болна состојба | 5.183,50 |
| *Годишна премија* | ***17.21*** |

## *ДОПОЛНИТЕЛНИ БЕНЕФИТИ*

- ***Подарок 2,5% од Осигурента Сума*** – на секоја идна мајка за нејзиното новороденче компанијата исплаќа 2,5% од Договорената Осигурена Сума доколку мајката поседува Осигурување на Живот најмалку 6 месеци пред раѓање на детето.

- ***КАРТИЧКА ЗА ЛОЈАЛНОСТ*** – секој осигуреник на Кроациа Осигурување Живот се стекнува со картичка за лојалност која овозможува користење на попуст на преку 130 локации низ цела Македонија (ресторани, кафулиња, салони за убавина, фитнес центри, училишта за странски јазици, продавници за детски играчки, стоматолошки ординации, туристички агенции итн.)

- ***My Cro Account*** – е апликација наменски креирана за нашите Осигуреници, која Ви овозможува електронски следење на состојбата на Вашите полиси.

  ***Наскоро:**
  Електронско плаќање на премиите преку интернет со кредитни и дебитни картички.

## *СИГУРНОСТ НА ВЛОЖЕНИТЕ СРЕДСТВА*

- Осигурување со **девизна клаузула** (плаќање во денари по среден курс на еврото според НБРМ а осигурените суми се во ЕВРА.)
- Осигурувањата над максималната подршка, Друштвото ги обезбедува со реосигурување во ***CROATIA LLOYD-*** Загреб.
- Одвојување на најголем процент од вложената премија на посебна сметка за **математичка резервација** во согласност со законските прописи.
- Инвестирање на средствата исклучиво во **неризични пласмани** согласно законот за супервизија во осигурувањето (државни обврзници, државни записи)

Со почит,

**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ АД Скопје**